АПРИЛ 2024 / БРОЈ 32 - ПУБЛИКАЦИЈА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ WWW.ZKOMORA.COM.MK

# ЗАНАЕТЧИЈА



РЕАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ДИЗАЈН НА НАКИТ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ФИНАНСИРАН ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА КОБЛЕНЦ ГЕРМАНИЈА




ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА ЦЕЛЈЕ СЛОВЕНИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ



ОДРЖАН СЕМИНАР ДИЗАЈН ВО УМЕТНИЧКО ЗАНАЕТЧИСТВО СО ПОДРШКА ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА КОБЛЕНЦ



ЗАВРШИ УШТЕ ЕДЕН НАСТАН ЗА АФИРМАЦИЈА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ, ОДРЖАН НАТПРЕВАРОТ ЗА УЧЕНИЦИ ОД ПРОФИЛ ФРИЗЕР 23.04.2023 ГОДИНА







## ОГЛАС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА ПОЛАГАЊЕ МАЈСТОРСКИ ИСПИТ ЗА ФРИЗЕР, КОЗМЕТИЧАР, АВТОМЕХАНИЧАР И ПЕКАР

**Почитувани занаетчии**

**Занаетчиска комора Скопје е верифицирана како институција за реализација на потсредно образование за мајстор за 4 програми и тоа: фризер, козметичар, автомеханичар и пекар. Мајсторскиот испит е на VБ ниво во Националната рамка на квалификација**

ГИ ПОВИКУВАМЕ СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗАНАЕТЧИИ КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:

1. Да имаат завршено средно образование од тригодишно, четиригодишно траење или потсредно образование
2. Да имаат минимум три години практично искуство како самостоен занаетчија или пет години како работник кај занаетчија во соодветната дејност

## ОГЛАС ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ИНТЕРЕС ЗА ПОЛАГАЊЕ МАЈСТОРСКИ ИСПИТ ЗА ФРИЗЕР, КОЗМЕТИЧАР, АВТОМЕХАНИЧАР И ПЕКАР

**Почитувани занаетчии**

**Занаетчиска комора Скопје е верифицирана како институција за реализација на потсредно образование за мајстор за 4 програми и тоа: фризер, козметичар, автомеханичар и пекар. Мајсторскиот испит е на VБ ниво во Националната рамка на квалификација**

ГИ ПОВИКУВАМЕ СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗАНАЕТЧИИ КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ СЛЕДНИТЕ УСЛОВИ:

1. Да имаат завршено средно образование од тригодишно, четиригодишно траење или потсредно образование
2. Да имаат минимум три години практично искуство како самостоен занаетчија или пет години како работник кај занаетчија во соодветната дејност

**Да се пријават во Занаетчиска комора Скопје со пополнување на Пријава за полагање на мајсторски испит и доставување на следните документи:**

1. Лична карта
2. Диплома за завршено средно образование
3. Доквалификација или преквалификација за занаетот за кој се пријавуваат доколку лицето нема завршено средно стручно образование и стекната диплома
4. Тековна состојба за работодавачи кои имаат сопствен бизнис
5. М1-М2 обрасци за да се утврди работното искуство

## ПОВИК ЗА ПРИЈАВА ЗА ОБУКИ ЗА МЕНТОРИ ВО СЛЕДНИТЕ ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ:

-АВТОМЕХАНИЧАР
-АВТОЕЛЕКТРИЧАР
-ФРИЗЕР
-КОЗМЕТИЧАР
-ОПТИЧАР
-БРАВАР
-ИНСТАЛАТЕР ЗА ГРЕЕЊЕ И КЛИМАТИЗАЦИЈА
-ЕЛЕКТРОИНСТАЛАТЕР И МОНТЕР
-ЕЛЕКТРОТЕХНИЧАР
-СЛАТКАР
-ПЕКАР
-ТАПЕТАР

Еден од предизвиците на пазарот на труд е секако недостигот на квалификуван кадар со потребни практични вештини и компетенции. Во насока да се обезбеди иден кадар за стопанството Работодавачите доколку сакаат да земат ученик на практична обука потребно е да исполнат одредени стандарди во однос на стручен и друг кадар-ментор, односно да имаат кадар кој е сертифициран за работа со ученици. Согласно член 13 од Законот за стручно образование и обука надлежност на комората е организирање и спроведување на обуките на менторите и издавање на сертификат.

Согласно стандардот за стручен и друг кадар право на учество имаат лица кои се или работодавачи или вработени лица кај работодавачот, како и да има најмалку три години работно искуство во дејноста. Пријавете се на 02 3 237-850

## ПОТСЕТУВАЊЕ ЗА СИТЕ ЗАНАЕТЧИИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ХРАНА

Ве потсетуваме за обврската за запишување во регистарот на оператори со храна во Дирекција за храна за сите занаетчии кои вршат производство на храна.

Барањето се поднесува во Дирекција за храна во прилог со фотокопија од тековна состојба, доказ за право на користење на објектот(имотен лист, купопродажен договор, договор за закуп и сл.) и доказ за уплатени административни такси

## ПОТСЕТУВАЊЕ ЗА СИТЕ ЗАНАЕТЧИИ КОИ ВРШАТ ФРИЗЕРСКА И КОЗМЕТИЧКА ДЕЈНОСТ

Ве потсетуваме на законската обврска за сите занаетчии и вршители на занаетчиска дејност регистрирани по 24.12.2014 год. кога е усвоен Правилникот за поблиските услови и критериуми во однос на просторот опремата и стручниот кадар (Сл. Весник на РМ бр. 192 /14) имате обврска да поднесете барање до Санитарен и здравствен инспекторат во општината во која имате деловно седиште за да добиете одобрение од страна на инспекторатот. Сите занаетчии и вршители на занаетчиска дејност кои се регистрирани пред 24.12.2014 година немаат законска обврска да поднесуваат барање до Подрачните единици на Санитарен и здравствен инспекторат. Сите регистрирани занаетчии и вршители на занаетчиска дејност во секторот треба да се придржуваат на основните правила за добра хигиенска пракса во фризерските и козметичките салони. За сите дополнителни информации може да не контактирате на 078312141

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА НЕПОСТОЕЊЕ ЗАКОНСКА ОБВРСКА ЗАНАЕТЧИИТЕ ДА УПИШУВААТ ПОДАТОЦИ ВО РЕГИСТАРОТ ЗА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ ВО ЦРМ

Ве известуваме дека  Занаетчиите самостојни вршители на дејност регистрирани согласно Закон за занаетчиство немаат обврска за упис на податоци во регистарот на вистински сопственици во ЦРСМ

На 27.01.2021 година Регистарот на вистински сопственици е официјално ставен во функција и пуштен во употреба. Лицата од членот 25 став (1) од ЗСППФТ, со исклучок на трговци поединци, лица кои вршат јавни овластувања, буџетски корисници, правни лица во државна сопственост и правни лица во постапка на стечај и ликвидација и самостојни вршители на дејност, ги внесуваат податоците за нивните вистински сопственици во регистарот во рок од осум дена од уписот на основањето на деловниот субјект во соодветниот регистар или во рок од осум дена од промената на податоците за вистинскиот сопственик.

Согласно погоренаведеното занаетчиите самостојни вршители на дејност регистрирани согласно Закон за занаетчиство немаат обврска за упис на податоци во регистарот на вистински сопственици. Обврска за упис во регистарот на вистински сопственици во ЦРМ имаат вршителите на занаетчиска дејност со форма на регистрација ДОО или ДООЕЛ регистрирани согласно ЗТД.

## ОБВРСКА ЗА ЗАНАЕТЧИИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ЗА ЗАНАЕТЧИИТЕ АВТОМЕХАНИЧАРИ

Обврска за занаетчиите од Законот за управување со отпад за занаетчиите автомеханичари

Согласно член 27 од Законот за управување со отпад (Сл. Весник на РСМ 216/21) Лицата кои во вршењето на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад или повеќе од 100 тони неопасен отпад, донесуваат програми за управување со отпадот во согласност со Стратегијата за управување со отпадот.

Планот за спречување на создавањето на отпад и регионалните планови за управување со отпад.

Програмата се донесува за период од три години.

Програмата содржи:

1) постојно ниво на создавање на отпад, по видови, количини и извори на создавање и предвидување на видот и на количеството отпад што се создава во наредните три години;

2) постојни и планирани технички, организациони и други мерки за избегнување и за намалување на создавањето на отпад и намалување на штетноста на отпадот;

3) податоци за постојни и планирани организационо-техничките капацитети на правните лица;

4) постојни и планирани технички, организациони и други мерки (вклучувајќи и инвестициони зафати) за управување со отпадот (селектирање, третман, преработка искористување на енергијата, складирање и отстранување);

5) временска рамка за спроведување на стандардите кои се однесуваат на составот и изработката на одделни производи и пакувања и нивната соодветност за повторна употреба или преработка вклучително и рециклирањето;

6) мерки за заштита од штетното влијание на отпадот по животната средина, животот и здравјето на луѓето;

7) воведување на меѓународни системи за заштита на животната средина (ISO 14000 и други);

8) планирани активности за едукација и за обука на кадарот што управува со отпадот и

9) други мерки од значење за реализација на програмата за управување со отпадот.

За таа цел имате обврска да ангажирате лиценциран управувач со отпад.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ФИРМА

Ве известуваме дека согласно одлуката на Советот на Град Скопје бр.27-3053/1 од 03.04.2020 година висината на комуналната такса за реално оданочените занаетчии изнесува 1.300,00 денари, за паушално оданочените занаетчии изнесува 350,00 денари, а за вршителите на занаетчиска дејност регистрирани како  ДООЕЛ и ДОО комуналната такса за фирма изнесува 4.000,00 денари.

Имаме информација дека голем дел од занаетчиите регистрирани согласно Законот за занаетчиство се задолжени со највисокиот износ и тоа 4.000,00 денари.

Сите занаетчии што се задолжени повеќе од висината на износот што е содржан во одлуката ќе треба да се обратат во Град Скопје за намалување на задолжувањето по издаденото решение, со себе да понесат решение од Занаетчиска комора Скопје, Тековна состојба од ЦРМ и паушално оданочените занаетчии решение за паушално оданочување од УЈП за 2022 година. За подетални информации обратете се на 02 3 237-850.

# ОДРЖАНА ФОКУС ГРУПА НА ТЕМА „СПРЕЧУВАЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ СЕКТОР„



На ден 23.02.2024 година во Занаетчиска комора Скопје се одржа фокус група за изнаоѓање решенија за спречување на сивата економија

Целта на оваа фокус група е спречување на сивата економија која создава незадоволство во занаетчискиот сектор затоа што нелегалните бизниси брзо растат и дејствуваат без никакви давачки, делуваат слободно без никакви контроли и надзори, и претставуваат нелојална конкуренција на регистрираните занаетчии. На фокус групата присуствуваа:

1. професор Ѓорѓи Гоцков - професор по економија

2. Горан Ристовски - претседател на ЗКСкопје

3. Анета Атанасовска - извршен директор во ЗКСкопје

4. Емил Јосковски - оптичар претседател на секција оптичари

5. Елена Поповска - филигранист претседател на секција домашни ракотворби

6. Зоран Митовски-пекар

7. Адмир Растодер - столар член во Собрание на ЗКСкопје

8. Јованче Јаневски - фризер претседател на секција фризери

9. Дарко Блажевски - сопственик на козметички салон - член на Собрание на ЗКСкопје

9. Марјан Илиевски – бравар член во Собрание на ЗКСкопје

Од фокус групата произлегоа следните заклучоци:

1. Неопходно е Координирано делување на инспекциските служби за спречување на сивата економија преку примена на Закон за забрана и спречување на нерегистрирана дејност.

2. Инплементација на Законот за забрана и спречување на нерегистрирана дејност, како и покренување на иницијатива за измена и дополнување на законот за нерегистрирана дејност за да може инспекторот да ја контролира нерегистриранатa дејност

3. Развивање систем на поддршка за регистрација на неформални бизниси со советување за отпочнување на занаетчиски бизнис преку едношалтерски систем пропишан со Законот за занаетчиство преку ваучерски систем за регистрација.

4. Кампања за подигнување на свеста кај институциите и граѓаните за спречување на сивата економија и последиците кои ги предизвикува сивата економија (тие работат заработуваат, но не плаќаат даноци и придонеси, користат права од невработеност (здравствено и социјално осигурување) и користат образование за себе или своите членови на семејството, патишта, улици и целокупна инфраструктура. Имаме и вработени кои за време на работното време или по негово завршување вршат нерегистрирани дејности. Кампањата да биде медиумски покриена преку креирање на видео за спречување на сивата економија која ќе биде медиумски покриена на национално ниво.

5. Воведување на мерки за финансиска поддршка на легално регистрираните занаетчиски дејности и отпочнување на занаетчиски бизниси,

6. Поголемо ангажирање на локалната самоуправа, секторите за ЛЕР при општинитесо воведување на финансиски мерки за отпочнување на нови бизниси и финансиска поддршка на постојните, намалување на комунална такса, одобрување на локации за градба, финансирање на одредени дефицитарни занаети во руралните средини со цел да се задржи населението и да се намали миграцијата село град како и миграцијатаво Скопје.

7. Измена и дополнување во Законот за занаетчиство и можност за регистрација на дополнителна дејност од 4 часа која ќе биде поволност на сите кои што се вработени и вршат нерегистрирана дополнителна дејност .

8. Прес соопштение за медиуми на кој ќе бидат предложени конкретни мрки за спречување на сивата економија

9. Креирање на лого за регистрирани занаетчии и вршители на занаетчиска дејност со код кој ќе биде поставен во сите занаетчиски дуќани како знак на препознатливост. Печатење налепница која ќе биде доделена на сите регистрирани занаетчии

10. Детална анализа за оправданоста и намалување на обврските на занаетчиите предвидени со законските прописи (елаборати за заштита на животната средина, елаборати за безбедност и здраје при работа, хасап систем, означување на храна, такси за фирма и многу други) со што ќе се растерети занаетчиството од административни обврски и финансиски трошоци и ќе биде атрактивно за формализација на нерегистрираните вршители на занаетчиска дејност.

11. Измена на Законот за данок на додадена вредност и зголемување на прагот за ДДВ од 16 000 евра на 35 000 евра како во најголем број земји од нашето опкружување, Бугарија, Грција, Словенија.

12. Намалување на казните за легалниот бизнис и најава на инспекциски контроли со листа што треба инспекцијата да контролира (едукативен пристап на инспекциските служби ),

13. Изрекување на високи глоби за сивата економија и нивно јавно објавување на медиумите со цел превентивно да делуваат и сивата економија да не биде толку комотна и ја врши нелегалната дејност рекламирајќи се на сите социјални мрежи и електронски пазари.

14. Изнаоѓање начин да се направи забрана за набавка на репроматеријали на оние кои вршат нерегистрирана дејност доколку се констатира дека постојано граѓанин врши набавка на репрматеријал за вршење на занаетчиска дејност .

15. Мерка-контрола на достава преку карго

16. Регулирање на продажбата на зелените пазари

17. Формирање на тело за соработка со инспекциските служби

18. Кампања зачлени се-формализирај го својот бизнис

19. Имплементација на Стратешки документи и акциски план за спречување на сивата економија.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ВМРЕЖУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИИТЕ ЗА ПОДОБРА ИДНИНА „ ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА НА РСМ

Соработката со Занаетчиската комора Словенија и Занаетчиската комора на Словенија и Занаетчиската комора Целје продолжува и во иднина, преку реализација на деловните средби со реализација на Проектот „Вмрежување на занаетчиите за подобра иднина „ финансиран од Министерството за Економија на РСМ се испланирани заеднички активности на коморите и занаетчиите во интерес на занаетчиството и меѓународната соработка и вмрежување. На ден 13.09.2023 година заедно со претставниците од Министерството за Економија на РСМ, се реализираше посета на 55-тиот Меѓународен саем за занаетчиство и мало стопанство  и посета на Занаетчиската комора Целје каде што реализиравме средби со Претседателот на комората г-дин Пишек, стручната служба и претставници на Управниот одбор.

На ден 14.09.2023 година делегацијата од РСМ беше примена на штандот На Занаетчиска комора на Словенија и беа реализирани деловни средби на занаетчиите од РСМ со занаетчиите од Словенија.
















## ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА ЦЕЛЈЕ СЛОВЕНИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ



09.06.2023 .Реализирана средба со занаетчии од Занаетчиска комора Целје Словенија со членови на Управниот одбор на Занаетчиска комора Скопје. Претседателот на Занаетчиска комора Скопје - Горан Ристовски се обрати на околу 60 занаетчии од Целје, Словенија на кои им беше презентирана Занаетчиска комора Скопје со можности за соработка помеѓу двете комори во интерес и развој на занаетчиството. Претседателот на Занаетчиската комора Целје на Претседателот на Занаетчиска Комора Скопје додели плакета како благодарност за досегашната и идната соработка помеѓу коморите.

## УЧЕСТВО НА ПРЕТСТАВНИК ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ НА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА КОБЛЕНЦ ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО УЛОГА И ПЕРСПЕКТИВИ 13-14.12.2023 ГОД

На 13-14 .12.2023 година во Занаетчиска Комора Кобленц на конференцијата Женско претприемништво во занаетчиството улога и перспективи учествуваше извршниот директор на Занаетчиска комора Скопје -Анета Атанасовска и Ардијана Исахи Паљоши-советник за стручно образование во Центарот за стручно образование и наука. На конференцијата со свое излагање настапија во делот на улогата на комората и потребата од квалитетно стручно образование за квалитетен кадар во занаетчискиот сектор.




## Учество на Занаетчиска комора Скопје на настан Промовирање на средното стручно образование преку натпревар на вештини во Финска

Претставник од Занаетчиската комора – Скопје, Сирма Илијоска Трифуновска учествуваше на меѓународниот семинар “Промовирање на средното стручно образование преку натпревар за вештини“ во Финска, со финансиска подршка од Националната Агенција за Еразмус програми на РСМ.
Преку квалитативна работа во групи, презентација на добри практики и искуства, 70 учесници од 23 различни земји имаат можност да ги надоградат сопствените знаења во делот на развој на вештините кои треба да ги пренесат во сопствените земји.
Дополнително, во соработка со колегите од финската НА, учесниците го посетија и финскиот центар за стручно образование "Омниа", како и државниот натпревар во вештини.
Инвестирањето во развојот на вештините е со сигурност инвестирање во подобра иднина.

Програмата #ErasmusPlus е отворена за секого и со сигурност нуди вистински можности за квалитетен професионален развој.






## Учество на претставник на Занаетчиска комора Скопје на саемот Skills Fair on Quality Apprenticeships во Торино, Италија 27.02.2024-01.03.2024



Преку проектот Образование за вработување Е4Е претставникот од Занаетчиска комора Скопје, Сирма Илијоска Трифуновска имаше можност од позитивни примери од земјите на ЕУ да дадеме заедно придонес чираштвото да го добие вистинското значење за намалување на дефицит на стручен кадар во занаетчискиот сектор

Македонската делегација на саемот Skills Fair on Quality Apprenticeships во Торино, Делегацијата беше составена од претставници на швајцарскиот проект „Образование за вработување“, Министерство за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука и Занаетчиска комора Скопје.

Саемот беше одлична можност да видиме каде се наоѓаме во споредба со останатите земји на полето на стручното образование и „чираштвото“. Горди сме што нашите реформи соодветствуваат со европските определби во стручното образование и промените кои ги правиме објективно одат во добра насаока.

Стапивме во контакт со меѓународни организации важни за стручното образование, а низ сесиите успеавме да продискутираме за најразлични теми, од менторство, инклузија, па се до важноста на социјалниот дијалог.

Еден од генералните заклучоци, којшто се однесува и на нас, е потребата од културна промена на перцепцијата на „чираштвото“ и стручното образование воопшто.

Заедно со нашите партнери продолжуваме да работиме во насока на зголемување на квалитетот на средното стручно образование и обука, со цел младите да бидат соодветно подготвени за пазарот на трудот.



# Проектот Зелен бран - Партнерство за позеленување на бизнисот





Во рамките на програмата ЕРАЗМУС +акциите КА210 - , Мали партнерства во образованието на возрасните, Центарот за развој на Јабланичко – Пчињскиот регион и Занаетчиската комора на Скопје го спроведуваат проектот Зелен бран - Партнерство за позеленување на бизнисот.

Целта на проектот е да се поддржи развојот на зелените вештини на малите и средни претпријатија и претприемачи. Како дел од проектот ќе се унапредат знаењата и вештините на давателите на услуги до малите и средни претпријатија и претприемачи, ќе се подготви и пилотира методологијата на програмите за позеленување на бизнисите наменети за малите и средни претпријатија и зелената транзиција на малите и средни претпријатија, претприемачите и социјално-економските партнери ќе се охрабрат преку размена на најдобри практики и искуства. Се очекува проектот да резултира со подобрени компетенции на давателите на услуги кон малите и средни претпријатија и претприемачи во областа на позеленувањето на бизнисот, зголемени практични зелени вештини на сопствениците и вработените во малите и средни претпријатија и дека најдобрите зелени практики во позеленувањето на претпријатијата ќе биде промовирани и дистрибуирани до сите заинтересирани страни во Република Србија и Република Северна Македонија.

Проектот започна со реализација на 01.04. 2024 година, а проектните партнери ја организираа првата консултативна работна сесија на 2 април 2024 година во Лесковац во просториите на Центарот за развој Јабланичко - Пчињскиот регион. На состанокот, меѓу другото, назначените членови на проектниот тим го дефинираа планот за работа за првиот квартал од реализацијата на проектот. Времетраењето на проектот е 18 месеци.

# Еразмус+ Заедничко менторство: Подобра соработка за подобро стручно образование

**2. Весник**

**Еразмус+ Заедничко менторство: Подобра соработка за подобро стручно образование**

### Траење на проектот

33 месеци (од 1.10.2022. до 30.6.2025.)

### Вредност на поддршка

250.000,00 EUR

Co-funded by the European Union

Оваа публикација е финансирана со средства на Европска комосија. Таа ги изразува исклучиво гледиштата на нејзините автори и Комосијата неможе да се смета за одговорна при употреба на информациите кои се наоѓаат во неа.

### Партнери

Хрватска занаетчиска комора, Хрватска
www.hok.hr

GO! Atheneum Geraardsbergen, Белгија
www.ka-geraardsbergen.be

Високо техничко училиште Ричица, Романија
www.tehnic-resita.ro

Занаетчиска комора Скопје, Северна Македонија
https://zkomora.com.mk/

Факултет за информатика и дигитална технологија Ријека, Хрватска
www.inf.uniri.hr





ERASMUS+ Joint Mentorship
Better Cooperation for Better VET

### Одржана студиска посета во Белгија и втор состанок на партнерите

Во рамките на Еразмус+ проектот **Joint Mentorship: Better Cooperation for Better VET** беше организирана е студиска посета во Белгија од 5-ти до 7-ми јуни 2023 година. На студиското патување учествуваа 8 учесници од Хрватска, 7 од Романија и 7 од Северна Македонија. Учесниците имаа можност да се запознаат подобро со системот на стручното образование во Белгија, со посебен акцент на моделот на двојното образование, за кој зборуваше Гунтер де Гитер, заменик-директор на средното стручно училиште во Гераардсберген.

Со оглед на тоа што моделот на дуално образование вклучува голем дел практична настава кај работодавачите, интересно беше учесниците да се запознаат со споменатиот образовен систем и да пренесат искуства од примери на добри практики во нивните земји. Покрај презентациите, беа организирани посети на 3 компании активни во дуалното образование – **Luc De Jong** (електрични инсталации), **Domocura** (компанија за хемиско чистење и чистење простор) и **Stil Geluk** (дом за стари и изнемоштени лица).

Учесниците се запознаа со работата на компаниите и начинот на кој тие се вклучени во дуалното образование и зошто им е важно учениците да имаат практична обука во компаниите. Исто така, претставниците на компаниите посочија пример за добра практика во однос на организирањето на наставата на тој начин што учениците одат на училиште во понеделник и вторник, а во среда, четврток и петок имаат практичната настава која ја поминуваат во компаниите.

Учесниците стекнаа искуства од добри пракси и преку дискусија заклучија кои пракси можат да се имплементираат во нивните партнерски земји и како да се подобри квалитетот на стручното образование во нивните земји. Учесниците на студиското патување беа наставници, ментори во компании-занаетчии и претставници на заинтересирани страни во стручното образование од Хрватска, Северна Македонија и Романија.

Исто така, по студиското патување, од 8-ми до 9-ти јуни се одржа втора средба на партнерите, каде што партнерите ги претставија активностите што ги имплементираа во своите земји, особено во врска со тематските средби што имаа за цел да ја подобрат соработката на заинтересираните страни во стручното образование. Покрај тоа, беше претставена рамката за е-модул и партнерите преку дискусија изложија планови за развој на содржини за е-модулот.
.
Исто така, Хрватската занаетчиска комора им понуди помош на партнерите од Романија за развој на програма за обука на ментори кај работодавачите, бидејќи таква програма во моментов не постои во Романија. Исто така, Хрватската занаетчиска комора и Факултетот за информатика и дигитални технологии ја претставија рамката и улогите во е-платформата и е-мапата за практична обука, така што другите партнери би се запознале со рамката за да започнат со планирање на сопствените активности од наведениот работен пакет. Покрај горенаведеното, партнерите поминаа низ обврски во однос на управувањето и следењето на проектот, како и активностите за дисеминација на проектот.

@facebook.com/ementor.eu

Erasmus+ Joint Mentorship | www.e-mentor.eu

**Весник**

**Еразмус+ Заедничко менторство: Подобра соработка за подобро стручно образование**

### Следни активности

- Изработка и дизајн на е-платформа и е-мапа за практична обука на учениците (јуни 2024 година)
- Изработка на е-модул за ментори (јуни 2024)
- Организација на тематски семинари за подобрување на соработката во стручното образование (мај 2024)
- Подготовка за организација на онлајн партнерски состанок во Романија (март 2024)

### 2. Студиска посета и партнерски состанок

**Запознавање со добрите практики во стручното образование во Белгија и договор за проектни активности**













### Активности на партнерите во проектот

Покрај студиската посета и партнерскиот состанок во Белгија, партнерите работеа и на други проектни активности.

Хрватската занаетчиска комора, заедно со Факултетот за информатика и дигитални технологии, ја подготви рамката на е-платформата и нејзините суштински функционалности на е-мапата за практична обука на учениците. Подготвената рамка и е-мапата беа доставени до другите партнери за дополнување и коментар, а партнерите можеа да ја изразат потребата од можни дополнителни функционалности, во зависност од потребите во нивните земји. Исто така, беше неопходно да се подготват локализирани верзии за секој од партнерите.

Понатаму, партнерите одржаа неколку тематски семинари за подобрување на соработката во стручното образование. Во Хрватска, во март 2023 година се одржа семинар во Риека, каде претставниците на работодавачите, коморите и стручните училишта разговараа за областите на потенцијална соработка и можностите за подобрување на оваа соработка.

Исто така, партнерите работеа на изготвување на Упатството за соработка и комуникација, кое ќе биде проследено до партнерите на ажурирање.

Понатаму, во Северна Македонија, партнерите одржаа состаноци и семинари со релевантните засегнати страни во периодот од март до јули 2023 година. На семинарите беше констатирано дека дефинитивно треба да се работи на поддршка на работодавачите кои се занимаваат со стручно образование - и во нефинансиска и во финансиска смисла. Исто така, беше констатирано дека е неопходно да се подобрат стандардите за спроведување на практичната настава како и да се подобри оценувањето на учениците, особено на практичната настава.

Првите тематски средби се одржаа и во Романија во периодот од март до јуни 2023 година, на кои релевантните чинители разговараа за предизвиците во соработката во стручното образование и начините за подобрување на споменатата соработка.
.
Понатаму, партнерите од Хрватска работеа на креирање е-модули за унапредување на педагошките вештини на работодавачите и подготвија рамка за партнерите според која тие ќе креираат и е-модули во нивните земји.

@facebook.com/ementor.eu

Erasmus+ Joint Mentorship | www.e-mentor.eu




## Мастер 4.1: Зајакнување на проверувањето на квалитетот и промоција на мајсторскиот испит со број 2022-1-MK01-KA220-VET-000086178 од програмата Еразмус+ Клучна акција 2 во финална фаза од реализација на активности




Занаетчиска комора Скопје е носител на проектот МАСТЕР 4.1 Зајакнување на проверувањето на квалитетот и промоција на мајсторскиот испит Еразмус К2 партнерство финансиран од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност  во партнерство со Хрватската Занаетчиска комора, Занаетчиска комора на Словенија, Универзитетот Алгебра од Хрватска и Институтот за комуникациски студии ИКС од Република Северна Македонија.













Од досегашната реализација на проектни активности  произлегоа следните резултати:

- Развиена методологија за развој на програми и каталози за мајсторски испит во Северна Македонија;

- Изработена 2 програма за Мајстор слаткар и мајстор масер

- Изработен 1 сет прашања за теоретскиот дел од испитите за мајстор Слаткар во Северна Македонија;

- Разработени 2 каталози за мајсторски испитите во Северна Македонија според стандардите на ЕУ;

- Ажурирање на 2 каталози во Словенија.

- Изработено видео за промоција на Мајсторскиот испит

- Развиена 1 „Методологија за обезбедување на квалитет“ за оценувачите на мајсторските испити на во земјите партнери

- Разработен 1 „Кодекс за однесување“ за соодветно однесување на оценувачите на испитните комисии за оценување на кандидатот за мајстроски испит во партнерските земји

• Разработен е план за десиминација и комуникација на проектот и;

• Развиена е 1 образовна програма за дигитален маркетинг за занаетчиските комори;

• Спроведени 6 онлајн обуки за дигитален маркетинг за занаетчиски комори и;

• Спроведена е 1 успешна маркетинг кампања со користење на дигитални маркетиншки алатки во секоја партнерска земја.

До завршување на проектот заклучно со 31.05.2024 планирано е да се спроведе

• Заеднички партнерски состанок во РСМакедонија

• Едно едукативено и демонстративно видео од методологијата за обезбедување на квалитет и кодексот на однесување

• Веб-семинари/обуки за обезбедување на квалитет и кодекс на однесување за оценувачите од комисии за  оценување на мајсторските испити;

• Национални конференции во сите три партнерски организации Занаетчиска комора Скопје, Хрватска Занаетчиска комора и занаетчиска комора на Словенија

# ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ

## УЧЕСТВУВАШЕ НА НАСТАН НА ПРОЕКТОТ GREENOVET - EUROPEAN VET

## Excellence Platform for Green Innovation на Машински факултет во Скопје

07.09.2023 Занаетчиска комора Скопје учествуваше на настан на Проектот Greenovet - European VET Excellence Platform for Green Innovation каде што имаше можност да ја претстави својата работа и активности. Исто така беше претставен и проектот Master 4.1.Зајакнување на проверувањето на квалитетот и промоцијата на мајсторскиот испит На настанот беа поканети и занаетчии кои имаа можност да се вмрежат со учесниците од Финска и Португалија.Исто така на настанот беа промовирани и занаетчии кои имаат иновативни производи и добиени награди од ФИТР.






## Заврши уште еден настан за афирмација на средното стручно образование, одржан натпреварот за ученици од профил фризер 23.04.2023 година



Секцијата на фризери при Занаетчиската комора Скопје во соработка со СУГС Димитар Влахов и СУГС Шаип Јусуф организираа натпревар на фризери на ученици од I, II, III година профил фризер, во следните категории:

Натпревар во категорија машко потстрижување за ученици од II и III година

Натпревар во категорија креативни фризури за ученици од III година

Натпревар во категорија свечени фризури за ученици од II година

Натпревар во категорија креативно обликување на коса (плетенки) за ученици од I година-две групи

Во организацискиот дел беа вклучени мајстор фризер Весна Стефкова и Јованче Јаневски

***Натпреварот се одржа на професионално ниво и во комисија беа вклучени мајсторите***

***1. Љупчо Петрушевски***

***2. Перица Ивановски***

***3. Даниел Младеновски***

***4. Саид Есад***

***5. Дејан Антиќ***

***6. Стефан Грујиќ од Праќин Р. Србија***

***7. Јовица Георгиевски***





***Учениците се стекнаа со награди кои во иднина ќе им бидат мотив за понатамошно усовршување во струката.***









## ОДРЖАНИ ДЕНОВИ НА ЗАНАЕТЧИСТВО МАЈ 2023 година



Во ОУ Блаже Конески во Општина Аеродром се одржаа Денови на занаетчиство на кој се презентираа сите Средни стручни училишта на ниво на град Скопјесо свои штандови и презентации на своите струки и профили и тоа СУГС Димитар Влахов, СУГС Шаип Јусуф, АСУЦ Боро Петрушевски, СУГС Михајло Пупин, СУГС Ѓорши Димитров, СУГС Марија Кири Склодовска, СУГС Лазар Танев и СУГС Владо Тасевски. На настанот присуствуваа голем број ученици од сите основни училишта во Општина Аеродром и занаетчии членови на ЗКСкопје, Учениците од деветите одделенија покажаа огромен интерес за струки и профили за уредување на простор, машинска струка, електротехничка струка и струката лични услуги.













## Учество на Занаетчиска комора Скопје во Развивање на Упатството за спроведување на самоевалуација на процесот на практично образование

Работната група составена од претставници од Центарот за стручно образование и обука, Стопанска комора на Северна Македонија, Занаетчиска комора Скопје, Државен просветен инспекторат и проектот Образование за вработување во Северна Македонија - E4E, работат на развивање на Упатство за спроведување на самоевалуација на процесот на практично образование. Упатството како потреба произлегува по наодите добиени по завршување на процесот на пилотирање на инструментите за самоевалуација.



## Успешно организиран семинар за менаџмент на претпријатие и формирање на цена за занаетчии

23-24 март 2023 год. Успешно реализиран уште еден семинар со експертите од Занаетчиска комора Кобленц - Кристијане Цугнер и Андреа Рајхман.

Занаетчиите успешно го реализираа испитот и се стекнаа со сертификат за менаџмент на претпријатие и формирање на цена со што се стекнаа со дополнителни знаења за водење на бизнис.












































## ЗАНАЕТЧИСКАТА КОМОРА СКОПЈЕ ВКЛУЧЕНА ВО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАН НЕДЕЛА НА ИТАЛИЈАНСКАТА КУЈНА

ИТА- Оддел за економска соработка при амбасадата на Р.Италија и Занаетчиската Комора од Скопје, во рамки на овогодинешното издание на “Недела на италијанската кујна во светот“, организираа мастерклас по слаткарство со Маестро Федерико Анцелоти.




Маестро Анцелоти е Претседател на Националното здружение на слаткари на Италија, добитник на наградата “Prix au Chef Pâtissier“ од Меѓународната Академија за Гастрономија (Académie Internationale de la Gastronomie) и со тоа е прогласен за еден од 5-тте најдобри слаткари во светот.

Мастеркласот се одржа на 14 ноември во хотел Лимак на кој имаат можност да присуствуваат слаткари членови на Занаетчиска комора Скопје. Учесниците се стекнаа со сертификат за посета на обуката.

## СПРОВЕДЕНИ МАЈСТОРСКИ ИСПИТИ ЗА ФРИЗЕР И КОЗМЕТИЧАР




Во рамките на Проектот за женско претприемништво за Земјите од Западен Балкан и Украина, Занаетчиска комора Скопје со финансиска подршка од Занаетчиска комора Кобленц реализираше подготовка и полагање на мајсторски испит за фризер и козметичар со 18 кандидати

Подготовката и полагањето на мајсторски испит се реализираше во сите 4 дела од мајсторскиот испит и тоа:



-стручно теоретски дел

-андрагошко педагошки дел

-економско-правен дел

-практичен дел

Теоретскиот и практичниот дел кандидатите го полагаа пред трочлена комисја составени од работодавачи мајстори, советници од Центарот за стручно образование и професори во Средните стручни училишта

На ден 30.03.2024 Успешно е завршен мајсторски испит за фризер од седум кандидати кои успешно реализираа пет практични задачи и тоа:



Прва задача комплетна промена на стил на женски модел(шишање боење стилизирање)

Втора задача комплетна промена на стил на машки модел (шишање боење и стилизирање на брада )

Трета задача

Потстрижување Боб фризура (класичен паж со асиметрија)

Четврта задача Хемиски третман на коса минивал

Петта задача креирање и изработка на свечена собрана фризура.

Кандидатите за мајсторски испит полагаа пред трочлена комисија.



На 31.03.2024 година Успешно е завршен мајсторски испит за козметичар со 11 кандидати кои реализираа пет практични задачи и тоа:

Прва Задача-Класичен третман на лице

Втора Задача - Депилација

Трета задача - Масажа на тело

Четврта задача - Маникир

Петта задача - Педикир








KÉRASTASE





Пред
Потоа

Пред
Потоа









hyaluronic



# ОДРЖАН СЕМИНАР ДИЗАЈН ВО УМЕТНИЧКО ЗАНАЕТЧИСТВО СО ПОДРШКА ОД ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА КОБЛЕНЦ

Се одржа дводневниот семинар "Дизајн во уметничкото занаетчиство" во рамки на Проектот за женски претприемништво за земјите од Западен Балкан со германски експерт за дизајн Џенифер Зауер.Семинарот го отвори Претседателот на Занаетчиската комора Скопје г-дин Горан Ристовски и проект координаторот Емил Василев. Презентација на тема типични мотиви и нивно значење во занаетчиството имаше етнологот Владимир Јаневски. На семинарот учествуваат 20 жени претприемачи од повеќе занаетчиски сектори во креативните занаетчиски дејности и се стекнаа со сертификати за стекнати знаења во дизајнот.







# БАЗАРИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗК СКОПЈЕ














## „ДЕНОВИ НА ФИЛИГРАНСТВО И НАКИТ“ во Скопје Сити Мол




Од 4 до 7 мај, во организација на Занаетчиска комора  Скопје и во соработка со Скопје Сити Мол  беа  отворени „Денови на филигранство и накит“, настан на кој  се претставија 23 индивидуалци  занаетчии

Ова е единствена можност на едно место да се видат рачно изработени уметнички форми на накит од сребро, бакар, челик, преку епоксидна смола, чисто сребро , полимерна глина, до керамика, плексиглас и мурано стакло.

Најголем дел од креативците изработуваат филигран, како најделикатна и елегатна форма на накит, а ќе се претстават и учесници кои создаваат шарени и весели приказни во форма на накит за стилски сонувачи и храбри луѓе.

Во секој детаљ на уникатните парчиња накит е втиснат креативниот, искуствен и авторски труд на овие 23 уметници.






## Реализирана обука за дизајн на накит во рамки на Проектот Западен балкан за женско претприемништво финансиран од Занаетчиска комора Кобленц Германија



Во мај 2023 година се одржа еднонеделен практичен семинар за дизајн на накит финансирана од ЗК Кобленц Германија во златарско-филигрантската работилница во ЗКСкопје. Семинаот го водеше експерт за дизајн на накит од ЗК Кобленц Германија Нана Престол. На семинарот активно учество имаа 12 лица златари и филигранисти кои изработија дизајн и производ. Учесниците се стекнаа со сертификати за стекнати знаења и вештини во дизајн на накит.









## УСЛУГИ КОИ ГИ НУДИ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ



- Регистрација на занаетчии преку едно-шалтерски систем
- Упис на ТП, ТД (ДОО,ДООЕЛ) во евиденција на вршители на занаетчиска дејност за добивање лиценца
- Заверка на договори за практична обука на ученици кај занаетчии
- Спроведување на постапка за вработување и престанок на работен однос на работници и постапка за ослободување од плаќање придонеси за пропишаната категорија на лица
- Изготвување на МПИН за занаетчии-паушално оданочени
- Изготвување на ЕПДД за закуп
- Регулирање на пензиски стаж со изготвување на М4 обрасци
- Совети за отпочнување на бизнис, бесплатни правни совети и финансиски и даночни советувања
- Изработка на елаборати за заштита на животна средина за занаетчии по најповолни цени
- Упис, промена, ликвидација и стечај на ТП, ТД (ДОО, ДООЕЛ)
- Спроведување на стечај за занаетчии
- Посредување при изготвување на потребни документи согласно Законот за безбедност и здравје при работа
  - Систематски прегледи
  - Обуки за прва помош
  - Изготвување на проценка на ризик со изјава за безбедност
  - План за евакуација и спасување во случај на опасност
- Организирање на деловни средби,учество на семинари, настапи на саеми и базари за своите членови
- Организирање на обуки за занаетчиски занимања  во Центарот за образование на возрасни на Занаетчиска комора Скопје

веб страна: www.zkomora.com.mk
FB. Zanaetciska Komora Skopje Skopje
Издава: Занаетчиска комора Скопје
Ул. Битпазарска бр.12, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0) 23237-850 Централа
Email: info@zkomora.com.mk

Дизајн и припрема:
Анета Атанасовска

Печати: Европа 92
ISSN 1857-8322